# ХРОНИЧЕН СИНУЗИТ

МЗД Упатство
14.5.2010


- Основни податоци
- Дефиниција и епидемиологија
- Симптоми и дијагноза
- Третман
- Поврзани извори
- Референци


## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

- Идентификувај ги пациентите со хроничен синузит и селектирај ги тие што имаат потреба од третман од ОРЛ специјалист.

## ДЕФИНИЦИЈА И ЕТИОЛОГИЈА

- Синузитот се дефинира како хроничен, ако симптомите на синузит, опструиран нос, ринит, чувство на притисок и болка во лицето или нарушен осет за мирис траат подолго од 12 недели.
- Можни причини за состојбата вклучува нарушување во вентилацијата на синусите и постојана промена во парцијалните притисоци на гасовите што резултира во дисбаланс на ензимите во мукозата и долготрајни промени во мукозната мембрана.
- Не постојат јасни докази дека загадувачите на воздухот може да предизвикаат хроничен синузит.

## СИМПТОМИ И ДИЈАГНОЗА

- Симптомите на хроничен синузит обично резултираат од ринит и инфламација на фаринксот, ларинксот и бронхиите предизвикани консекутивно од синузитот.
- Повремено, може да биде присутна локална болка.
- Хроничен фронтален синузит може да доведе до континуирана болка и отекување на очните капаци.
- Главоболка и вертиго се чести кај хроничен сфеноидален синузит.
- Есенцијално е да се диференцира хроничен синузит со гнојна ретенција од синуси исполнети со едем од слузницата. Во вториот случај секрецијата може обилно да се елиминира и хируршки третман не е индициран. Таквото здебелување на мукозата може да биде предизвикано од алергија, иако неспецифичната иритација на мукозата е почеста причина.
- Дијагностички методи во примарното згрижување се РТГ и ултразвук на синусите, комплетирано со максиларна пункција кај проблематични случаи.

## ТРЕТМАН

- Конзервативниот третман има за цел отворање на остиумот, одбегнување на тригер фактори и третман на симптомите.
- Интраназалните стероиди може да забрзаат оздравување од епизода на акутен риносинузит кај селектирани пациенти со рекурентен или хроничен синузит (ннд-**C**).
- Повторувачка иригација со 0.9% солен раствор може да ги влоши симптомите кај пациентот.
- Хируршкиот третман има за цел отстранување на анатомскиот проблем кој ја предизвикува секрецијата, отворање на дренажен отвор, ресецирање на инфламираната мукоза или елиминирање на целиот синус 1.
- Хроничен синузит е состојба која треба да се третира од специјалист, иако лаважите кои се повторуваат и континуираното следење често се одредениo во примарната здравствена заштита.

## ПОВРЗАНИ ИЗВОРИ

### Кохранови прегледи

- Функционалната ендоскопска хирургија на синуси (ФЕХС) се чини дека не е поефикасна од конзервативен третман (+/- иригација на синус) или традиционална антростомија на среден меатус кај хроничен синузит иако нема доволно докази (ннд-**D**)
- Антифунгалната терапија не е ефикасна во терапијата на симптоматски пациенти со хроничен риносинузит (ннд-**B)**

## РЕФЕРЕНЦИ


1. Bachmann G, Hommel G, Michel OL. Bachmann G, Hommel G, Michel O. Effect of irrigation of the nose with isotonic salt solution on adult patients with chronic paranasal sinus disease. Eur Arch Otorhinolaryngol 2000 Dec;257(10):537-41. **PubMed**



Jouko Suonpää Article ID: ebm00871 (038.033)© 2012 Duodecim Medical Publications Ltd


1. **EBM Guidelines, www.ebm-guidelines.com, 14.5.2010**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 4 години.**
3. **Предвидено е следно ажурирање 2016 година.**